# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **07.03. 2014 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 5** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за престанок на мандат на член на Совет**

Се објавува Решение за престанок на мандат на член на Совет бр. 0701 – 284, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 07.04.2014 година.

**Бр. 0801- 287**
**07.04. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седница одржана на 07.04. 2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Совет**

1.На Александар Арсов - член на Советот на Општина Свети Николе му престанува мандатот по негово барање, сметано од 07.04.2014 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701- 284**
**07.04. 2014 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Свети Николе бр. 0701 – 285, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 07.04.2014 година.

**Бр. 0801- 287/2**
**07.04. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 6 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр.2/06 Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 07.04. 2014 година донесе

**Одлука**
**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се верификува мандатот на член на Советот на Општина Свети Николе – Зора Димитровска.

**Член 2**

Мандатот на горенаведениот член на Советот на Општина Свети Николе се смета од 07. 04. 2014 година.

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701 - 285**
**07.04.2014 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за изработка на Геодетски елаборат за времена експропријација за изградба на систем за наводнување "Немањици"**

Се објавува Одлука за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за изработка на Геодетски елаборат за времена експропријација за изградба на систем за наводнување "Немањици" бр. 0701 – 286, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 07.04.2014 година.

**Бр. 0801- 287/3**
**07.04. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 07.04.2014 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект заизработка на Геодетски елаборат за времена експропријација за изградба на систем за наводнување "Немањици"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во јавен повик за прибирање на предлог-проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата, објавен од Бирото за Регионален развој

Средствата ќе бидат наменети за **Изработка на Геодетски елаборат за времена експропријација за изградба на систем за наводнување "Немањици".**

**Член 2**

Средствата се обезбедуваат во висина од 50% од вредноста на предлог-проектот, или 307.500,00 денари, согласно обврската од јавниот повик за обезбедување на кофинансирање.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за економски развој.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701-286**
**07.04.2014год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Решение за престанок на мандат на член на Совет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . .стр.1

2.Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.2

3. Одлука за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за изработка на Геодетски елаборат за времена експропријација за изградба на систем за наводнување "Немањици" . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.3

**Бр. 0701-288**
**07.04.2014год.**
**Свети Николе**